### СВЕТОТ ФАЌА СЕИР НА БАЛКАНСКАТА ОПСЕСИЈА СО ИСТОРИЈАТА

# Заплеткани во антика

**■ Археолозите упорно се спротивставуваат споменикот на Александар Велики да се постави во Атина зашто славниот војсководец тука дошол како освојувач**

Опседнатоста на Македонија и на Грција со античкото минато, особено со ликот на големиот војсководец Александар Македонски, стигна и на страниците на светскиот печат. Угледниот британски весник „Гардијан" во вчерашниот број објави сторија за долгогодишната караница меѓу политичарите и археолозите во Грција околу тоа каде да биде поставена една статуа на Александар Велики, изработена уште во 1972 година. Весникот притоа ја опишува и тензичната атмосфера што владее во односите меѓу Грција и Македонија,ословена во статијата како ПЈРМ, во борбата за „превласт" врз античкото минато.

Објаснувајќи дека една статуа на Александар Трети, нарачана од грчкото Министерство за култура, со децении лежи во прав во подрумот на едно складиште чекајќи да се постигне договор каде да биде поставена. Националистички обоените политичари во Грција инсистираат статуата на Александар да се постави на некој од античките плоштади во Атина. Тука, според нивното убедување, не само што ќе има најмногу посетители и гледачи, туку ќе се здобие и со достојното почитување од луѓето, кои се гледаат како негови потомци. Таквото гледање не го прифаќаат грчките археолози, кои лондонскиот весник ги опишува како „снабдувачи со грчкото минато" и ги прикажува како „моќно лоби", во земја со многу антички наоѓалишта. Археолозите упорно се спротивставуваат на поставувањето на споменикот на Александар Велики во грчкиот главен град затоа што славниот војсководец и крал дошол во Атина само како освојувач.



Отворен натпревар за најголем споменик на Александар

Целата оваа расправија во Грција ќе останеше, можеби, незабележана ако сега одново не се оживеа караницата меѓу Атина и Македонија.

„Односите меѓу двете соседни земји се влошија уште повеќе откако ПЈРМ реши да го именува својот меѓународен аеродром 'Александар Велики'. Ситуацијата уште повеќе се распали кога Атина го блокираше членството на Македонија во НАТО заканувајќи се дека ќе стави вето и на приклучувањето на државата и во Европската унија", пишува Гардијан.

Според весникот, тензиите продолжиле да се зголемуваат по одлуката на властите во Скопје на централниот плоштад во главниот град да постават, како што вели весникот, „пејачка статуа" на Александар Велики, качен на коњ. Статуата ќе се поставела во фонтана од каде што ќе се слуша музиката на најголемата пејачка ѕвезда во земјата Тоше Проески, кој во 2007 година загина во Хрватска во сообраќајна несреќа. Лондонски „Гардијан" цитира изјава на градоначалникот во која се вели дека нацијата ќе ги прослави двата свои најголеми синови на начин на кој Грција тоа никогаш не го сторила.

Иако статуата на Александар на плоштадот во Скопје привлекува внимание и на странскиот печат, во Македонија за неа сè уште владее молк. Никој официјално не ги потврдува информациите на неделникот „Фокус" објавени пред речиси еден месец дека статуата на Александар ќе има импозантни димензии, весникот тврди дури 35 метри, што значи дека ќе ги надвишува сите објекти околу плоштадот. Велат, статуата веќе била излеана во Италија, но власта чекала погоден момент да ја постави на плоштадот зашто се очекува нејзиното поставување да предизвика жолчни реакции од Грција. Освен аеродромот, владата го преименува и автопатот Табановце - Гевгелија со името на Александар Македонски. Оваа одлука била критикувана од европски дипломати за време на официјалните средби во Брисел. Најавено е, исто така, во Градскиот стадион, наречен Филип Петти, дека ќе биде изградена скулптура на таткото на Александар во импозантна големина, поставена меѓу трибините.

За да не остане покусо, и Атина најави дека ќе постави споменик на Александар Велики во Багдад, едно време престолнина на неговата империја. За оваа цел грчките дипломати веќе постигнале договор со локалните власти во Багдад. ❑